# СЀ ТРЕПЕРИ



Охридски

Галерија Резонанса

Издавач: Градска Библиотека "Григор Прличев" - Охрид
Директор: Славе Банар

Уредник: Славе Банар

Графички уредник: Драган Спасески - ОХРИДСКИ

Технички уредник: Стојан Савески

Фотографии: Мирослав Кузман

Компјутерска подготовка: Владимир Илиоски

Охрид, 1996

# Охридски
# сѐ трепери



# Раздели па остави

Се дели белината
токму тогаш

неизвесност

# Сè трепери

Нека трепери сè)))))))). . . . . . . . . . . . . . .
и вистина ви велам
почна да трепери сè)))))))). . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . . . .
точка линија и лак
спирала агол и крак
. . . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . . . .
студ осама и мрак
блуд светлина и брак
. . . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . . . .
и вода и ветер и земја и етер
и пламен и камен и добро и зло
и небо и тло
има трепет што раѓа
и во љубов и во вода
нежен занос груб нанос
победа и во под
. . . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . . . .
идејата што створа круг
празнината обвиена со друг
се згуснува до кристал
зрачи уништува за идеал

. . . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . .
во животот и смртта
. . . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . .
во животот и смртта
што значи постои
. . . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . .
во животот и смртта
што значи постои
сè движи ко крвта
. . . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . .
во животот и смртта
што значи постои
. . . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . .
во животот и смртта
. . . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . .

вечерва на месецот е сончев ден
а земјата спие од оваа страна
нè тера ли напред да пловиме блен
вон сетила на спирална брана
. . . . . . . . . . . . .((((((((сè трепери)))))))). . . . . . . . . . . . .



# Ах што време потрошив на твоето тело

се мразам што толку те сакам
посилно од бога
само не знам зошто
и не знам до кога

злато
а
што е бог

# Горчината на гордоста

не блескај силно
ќе согориш брзо
оти
ѕвезда штом се раѓа
почнува да паѓа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
и не подголтнувај
не плукај се
грешка е да си среќен
злото неуморно демне . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
о . . . горчлива гордост
не зборам во себе
штом друг ме слуша . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . .
мајко оти секогаш
почнуваш со
не . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

искусна
а
невина

# Сознание
# за
# покајание

тaткo eвe дpвa зa oгaн
но каде е јагнето за колење
ти си ми пиле јагне за колење
а заборави ли колку тешко
ме створи
. . . . . . . .
јас те створив
јас ќе те жртвувам
така вели нашата вера
тешка вера рече
само бог може
да ги одзема
животите
ах таа вера
ништо не
знае
. . . .
а од кај знаеш
ти дека ме створи

## Блиску до сонцето
## и љубовта
## мракот
## полека боли

ќерки мои ќе го обновиме
човештвото кое го снема

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

но зарем тоа ќе почива на блуд татко

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

и моралот ќе ја посетува школата
за сексуално воспитување

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

да наздравиме за идејата

Што е вистина?

# Храброст е да се бега
# од злочин
# без почин

доаѓа празнина
ги шири ѕвездите во моите очи
треперам силно
сè стои
мене ме нема
преточувам мисла
оладувам чула
и спремен сум
за злочин
без почин

со братска љубов
каин

# Не знам
# но верувам

(маса а на неа шума)

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

некој ќе ме предаде
(помисли на себе
а тоа го помислија и другите)
од каде зло на земјата кога сите сме исти
(помисли на себе
а истото го помислија и другите)
се погледнаа меѓу себе и видоа дека се исти

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

ја крена земјата
и почна да ја цеди како маслинка
земјата
не рече ништо
само се насмевна
горко

сè е смислено
хахахаааааааа
и бесмислицата дури



# Живеј
# само
# диши

што да се истера од овој човек храм
од ова созвездие со спирални галаксии
чии мисли не забременуваат со полезност
оваа злоба на проба
неполезна тажна што не е влажна
што да се обнови во овој човек срам
одбива сѐ
и испоед
и адреси што различно од мене мислат
и . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
а што ти се чинеше кога ги кинеше

# Падот низ адот
# скок во рајот

сенката е светлост со слаба моќ
звуците болест на земјата
. . . . . . . . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . . . .
третети непрочистени
не размислувајте за себе оваа ноќ
додека сум слободен од сè
во рајот
. . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . . . ах ве це . . . . . . . . . . . . . . . . . .

# Убавина во одлагање свршувачка

Тониско од земјата
на земјата е
шепоти пред секој под
додека ги врзува
девојките со кожен прстен
и додека мажите
се деца
а идејата
неспособна за опстанок
. . . . . . . . . . . . . . . . . .
броевите се уште
се обложуваат
на играта
со човекот . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . . . .
да се оженам или не
по шести пат
прашање е сега

о/брезан

# Кој работи и/греши

мртвото тело долго време лежеше
во центарот на градот

луѓе доаѓаа погледнуваа и заминуваа
и птици долетуваа и одлетуваа
а потем инсекти
и . . . . . . . . . . .
само уметникот прв
меѓу пристигнатите
остана доследен
на својот стил
и . . . . . . . . . . . . .
додека го сликаше
телото
сè повеќе
добиваше
неразбирлива форма

ништо не
е важно
освен името
на сликарот



# Иако од шекер твојот дар нож е

не
убивај
го
злото
ќе
те
зарази . . . . . . . . . . . . . . . .

супер-его

# Гест на тест

книгата има три глави
женски
не можам да ве прочитам
меѓу редови
книгата е без содржина



# Да живее поразот

слободата ја ставив на крст
а подигнавте споменик
за обичен прст

моите постапки
не
се преиспитуваат

# Онанија поганија

ако во тебе нешто трепери чудно
и зрее со подземна сила
ако во тебе нешто се буди блудно
несфатливо за твојот морал
ако . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
тргни се од тој олтар
животот не е за таков голтар

# Поздрав
# црна мисла

бабата задоволна
го напушти животот
оти сакатоста на мислата
само земјаните
не
можеа да ја лекуваат
иако траеше
цел живот
успехот нема цена
кога е црно пишано
од раѓање
ангелу
во главата
на човекот
. . . . . . . .
те молам
напиј се
нешто
да
ме
разведриш

# Поглед кон смислата



ми се подобрува видот
сѐ поблиску го гледам крајот
водач во обрач

# Епитаф

кревок ластар кревам прастар
немам сила да те скинам
меѓу нозе само минам
ко време се топам и потам
за желбите што немам астар

гатанка

# До полковникот

ако мислиш
неповратно си ми потрошил
време
бедотија
длабоко се лажеш
оти само
се збогатував
со храброст
да ти кажам в лице
јади ти гомна . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
и сите како тебе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
што не се способни
да лажат

од сопругата

молам да му се испрати
на полковникот лично
само посмртно

# Уништи го убавото заморува

почнаа да паѓаат
глави
веќе
е

. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .
. . . . . . . .

длабока есен

# Трка
# на
# слабости

ги прекршуваат мислите
ги полнат со зборови
и пукаат во празно

ги нарекуваат ништо
зад себе
оставаат пустош . . .
. . . . . . . . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . . . .
. . . . . . леле мајко . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . . . .
ме оставија гладен
ја поделија сета омраза
м е ѓ у с е б н о

Јавач на
паднат коњ

# Долу
## кич

ни преостар кич
не
може
да пресече
истенчен вкус
. . . . . . . . . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . долу
. . . . . . . . . . . кич
. . . . . . . . . . . . . . . . .
. . . . . долу . . . . .
. . . . . кич . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . . .
долу . . . . . . . .
кич . . . . . . . . .
. . . . . . . . . . . . . . . . .
народе не
те сакам
но дојди ми
во уметноста
ти наредувам

# Апокалиптичен
# нарцис

се погледнав
во огледало
кивнав
и излетав
од себе
радосно здивнав
за враќање немам
ни сила
ни мотив
а гласови слушам
и за . . . . . . . . .
и против . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

надвор од себе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
сепак
е поубаво

# Полесно од воздухот
# потешко од земјата

откако креативноста ми ја отвори вратата
и ме поведе во нови чувства
откако ме оддели
од матниот раствор на секојдневноста
со силна брзина што не ги запоставува
вселенските пејсажи
што го проаѓа времето како улица
и стигнува на другата страна од црната јама
со трепет на дете што осознава
за половите жлезди и ѕвездите
распарчен на идеи групирани во бранови
додека виножитото готви јамка за насмевката
и додека солзите експлодираат зад очите
во последниот допир со реалноста
од смрзнати но складно повиени мигови на безредие
во занос со мирис на гнила вишна
и . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
одлетувам со метеорите што не ја целиваат земјата

што сакаш прави
не барај само пари

*Драгоцен пријателе,*

*Се чини бескрајно необично и тешко да се изговорат зборови кои самите по себе се изговориле, оти биле премногу храбри и праисконско присутни за да би можеле да се занимаваат со самите себе си и да го трошат тука - така времето што се мери со светлосни години. Ако зборот беше на почетокот, зошто тогаш не би бил и на крајот, подеднакво силен или еднаков со онаа зачудувачка точка од која произлегол Семирот, и во која бездруго и ќе се врати, откако ќе се увери дека патувањето низ големото Ништо и самото е Ништо и откако ќе види дека Космосот е само мегаломанска желба на една необична грутка згусната материја.*

*И тука некаде, во тој омеѓен простор, среде тоа немилосрдно време, среде мемливата пустина на духот кој како византиска магла се вовлекува во најскришните катчиња на човековата душа и долго во ноќите завива како осамен пес, безгласно и штрбаво обидувајќи се да ја разбуди светлината заспана крај бреговите на некакво езеро, крај некој град, наеднаш реско и скокотливо прозунува жестокиот збор на еден навистина неочекувано даровит автор. Твојот обид да ги доловиш чудесните треперења на душата и да ги престориш во камен темелник на се она што било и ќе биде, да ги поставиш во средиштето на севкупните случувања, Ти овозможил полека да навлезеш во заумните простори во кои многуте зборови малку кажуваат и во кои тишината кажува сѐ.*

*Навидум лирско натопените размислувања, небележани низ стиховите на оваа книга, која всушност и не може да се подведе под вообичаените и традиционални шеми и да се именува како поетска стихозбирка, наеднаш биднуваат реско пресечени со исказ кој истовремено е и горчлив и жесток, непореклив и адски болен, точен и непроменлив до лудило.*

*Ти, Драган Спасески - Охридски, целосно предаден во потрага по крајните возможности на мислата, со творечка енергија што воодушевува и ерудиција што зачудува, свесен за своето единствено и неповторливо присуство под вжарената топка наречена Сонце, стрпливо го мериш и премеруваш зборот, го исцедуваш до самата суштина, го принудуваш во едноставноста да стане многузначаен, да затрепери како самиот да е струна растегната меѓу светлината и темнината, меѓу доброто и злото, да биде истовремено и боја и звук и Господ и Демон и Сешто и Ништо.*

*И сѐ што е тука, во оваа книга, изговорено, присПомантто или наслутено, сѐ што ја имало честа да биде именувано, да биде набележано, остава болна лузна во кревкото ткиво на мислата, зашто секој обид да се противречи на кажаното е самозалажување, попуст копнеж од падот да се направи лет, од гробната јама - Лулка.*

*И не постојат подруги зборови за да се објасни Твоето присуство како необичен познавач на она што се вика уметност и литература. А, нели, тоа се подруги зборови за Душата. Ние не мора да се согласиме со тоа што ни го кажуваш, но бездруго Ти си во право. Вистината и времето, сепак, се на твоја страна!*

*Славе Банар*

СПОНЗОР:
Салон за мебел RAFFAELLO
Охрид

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
"Климент Охридски", Скопје

886.6-1

СПАСЕСКИ, Драган
Сѐ трепери / [текст и илустрации]
Драган Спасески. - Охрид : Градска
библиотека "Григор Прличев", 1996
32 стр. ; илустр. во бои ; 21 см

Галерија " СТОБИ " Ве поканува на отворањето на изложбата

ДРАГАН СПАСЕСКИ
" СЕ ТРЕПЕРИ "

сабота, 7.12.1996. во 19 часот, Градски трговски центар,Скопје



Драган Спасески – ОХРИДСКИ

Роден 1960 год. во Охрид
Основно и средно
образование завршил во
Охрид
Медицински факултет и
специјализација ортопедија
завршил во Скопје
Живее и работи во Охрид

По вокација уметник

**20 години**